АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.04.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2194 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 17 март 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 април 2017 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14);

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со мониторингот на снимката од радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 17 март 2017 година, на регионално ниво (Скопје), <u>**не е констатирано прекршување на одредбите од член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**</u>.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***